КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ СКОПЈЕ

# ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ПАУШАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

Со извршена промена по одлука бр. 0204-2284/2 од 01.03.2013 година.

## Општи одредби

### Член 1

(1) Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) и овие Дополнителни услови за паушално осигурување на лица од последици на несреќен случај (во понатамошниот текст: Дополнителни услови) се составен дел на договорот за паушално осигурување на лица од последици на несреќен случај, кои договарачот на осигурувањето го склучува со Друштвото за осигурување, (во понатамошниот текст: осигурувач).

(2) Договарач во смисла на овие Дополнителни услови може да биде физичко или правно лице во земјоделска дејност, градежништво и сл. кај кој работникот засновува граѓанско правен однос.

(3) Лицата што се осигуруваат во смисла на овие Дополнителни услови, се осигурени без оглед на нивната здравствена состојба и општата работна способност како и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 9 став (1) точка 4 од Општите услови, освен лицата потполно лишени од деловна способност кои во секој случај се исклучуваат од осигурувањето.

## Обврска на осигурувачот и траење на осигурувањето

### Член 2

(1) Обврската на осигурувачот во однос на секој осигуреник започнува во 24,00 часот оној ден кога е платена договорената премија, но не порано од 24,00 часот оној ден кој во полисата е наведен како почеток на осигурувањето.

(2) Осигурувањето се склучува со издавање на поединечна полиса за секој осигуреник или заедничка полиса со која се приложува список на сите осигурени лица и тоа на траење од најмногу една година.

(3) Осигурување за наредната година може да се договори само со издавање нова поединечна или заедничка полиса.

(4) Обврската на осигурувачот се однесува само за лица од 14 до 75 години живот, а останатите помлади и постари лица не може да се осигураат.

## Осигурени суми

### Член 3

(1) Наведената осигурена сума во полисата претставува најголем износ на обврската на осигурувачот за поодделни осигурени случаи.

## Завршни одредби

### Член 4

(1) Овие Дополнителни услови важат со Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај, а во колку е нивната содржина во спротивност со содржината на Општите услови, важат овие Дополнителни услови.

**Правна поука**

- Доколку осигуреникот или корисникот на осигурување не се задоволни од првостепената одлука, имаат право да поднесат приговор во рок од 8 (осум дена) до Комисијата која одлучува по приговори.
- Договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето, можат да доставaт жалба во однос на осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО), како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.
- Во случај на спор помеѓу договорувачот на осигурувањето, односно осигуреникот и осигурувачот, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

Претседател на Одбор на директори
Иван Фабијанчиќ